Врз основа член 181 од Законот за високо образование на РМ (Службен весник бр. 82/2018), член 157 од Статутот на БАС, Органот на основачи на 20.03.2026 година го донесува следниот

# ПРАВИЛНИК

за избор на афирмирани научници и стручњаци од практиката на БАС

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, постапката и условите за ангажирање на афирмирани научници и истакнати стручњаци од практиката во наставниот процес на Бизнис академија Смилевски – БАС (во натамошниот текст: БАС).

### Член 2

Целта на овој Правилник е:

- да се унапреди квалитетот на наставниот процес;
- да се овозможи пренос на практично знаење и искуство во наставата;
- да се зајакне поврзаноста меѓу академијата и бизнис секторот;
- да се поттикне примената на современи практики во наставата.

### Член 3

Афирмирани научници и истакнати стручњаци од практиката се лица кои поседуваат значајни научни, стручни или професионални достигнувања во областа во која се ангажираат.

За афирмиран научник се смета лице кое:

- има стекнато научен степен доктор на науки во соодветната научна област;
- има најмалку 5 научни трудови објавени во меѓународни научни списанија индексирани во Web of Science, Scopus или други релевантни бази;
- има цитираност на научните трудови во меѓународни научни бази на податоци;
- има учество или раководење со национални или меѓународни научноистражувачки проекти;
- има учество во научни конференции, научни одбори или уреднички одбори на научни списанија;

- има признанија, награди или други форми на научна афирмација во соодветната научна област.

За истакнат стручњак од практиката се смета лице кое:

- има најмалку високо образование;
- има најмалку 10 години професионално искуство во соодветната област;
- има значајни професионални достигнувања или лидерска позиција во компанија или институција;
- има искуство во практична примена на научни и стручни знаења.

## II. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА АНГАЖИРАЊЕ

### Член 4

Афирмирани научници и стручњаци од практиката можат да бидат ангажирани за:

- одржување на предавања;
- учество во одделни тематски единици од предмет;
- учество во работилници и практична настава;
- учество во научни и стручни настани организирани од БАС.

### Член 5

Предлог за ангажирање може да поднесе:

- наставник носител на предмет;
- координатор на студиска програма;
- директорот на БАС.

Предлогот се доставува до Наставничкиот совет на БАС.

### Член 6

Предлогот за ангажирање треба да содржи:

- биографија на кандидатот;
- опис на професионалното искуство;
- предлог тема или наставни активности;
- предмет или студиска програма во рамки на која ќе се реализира ангажманот;
- времетраење на ангажманот.

## Член 7

Наставничкиот совет на БАС ги разгледува доставените предлози и донесува одлука за:

- прифаќање на предлогот;
- дополнување на предлогот;
- одбивање на предлогот.

Одлуката се донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

## Член 8

Ангажманот на афирмирани научници и стручњаци од практиката може да се реализира:

- како гостински предавања;
- како дел од наставен предмет;
- преку практична настава или студии на случај;
- преку работилници, семинари и обуки.

## Член 9

При реализација на наставата од страна на афирмираните научници и стручњаци од практиката присуствува и предметниот наставник.

# III. ПРАВА И ОБВРСКИ

## Член 10

Афирмираните научници и стручњаци од практиката имаат право на:

- користење на наставни и технички ресурси на БАС;
- административна поддршка;
- потврда за реализираниот ангажман.

## Член 11

Афирмираните научници и стручњаци од практиката се должни:

- да ја реализираат наставата согласно програмата на предметот;
- да ги почитуваат правилата и етичкиот кодекс на БАС;
- да соработуваат со предметниот наставник.

## IV. ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 12

За реализираниот ангажман се води евиденција која содржи:

- име и презиме на ангажираното лице;
- област на експертиза;
- предмет или активност во која учествува;
- датум и времетраење на активноста.

### Член 13

По реализирањето на активноста, на ангажираното лице му се издава потврда за учество во наставниот процес.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 14

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување од страна на Органот на основачи на БАС.